ЦРВЕН КРСТ
на Република Македонија
Бр. 0902-828/2
12.09.2018 год.
СКОПЈЕ

Пречистениот текст на Правилникот за уредување на начинот за обезбедување на средства и основи за користење на средствата на Фондот за солидарност на Црвен крст на Република Македонија ги опфаќа: Правилникот за уредување на начинот за обезбедување на средства и основи за користење на средствата на Фондот за солидарност на Црвен крст на Република Македонија бр.02-115/7 од 25.02.2015 година, Одлуката за изменување на Правилникот за уредување на начинот за обезбедување на средства и основи за користење на средствата на Фондот за солидарност на Црвен крст на Република Македонија бр.02-1382/9 од 02.11.2016 година, Одлуката за дополнување на Правилникот за уредување на начинот за обезбедување на средства и основи за користење на средствата на Фондот за солидарност на Црвен крст на Република Македонија бр.0202-1220/13 од 28.11.2017 година и Одлуката за дополнување на Правилникот за уредување на начинот за обезбедување на средства и основи за користење на средствата на Фондот за солидарност на Црвен крст на Република Македонија бр.0202-583/10 од 07.06.2018 година.

Комисија за статут и нормативни акти

Претседател,

Даут Селими с.р.

# П Р А В И Л Н И К

**за уредување на начинот за обезбедување на средства и основи за користење на средствата на Фондот за солидарност на Црвен крст на Република Македонија за Фонд за солидарност на Црвен крст на Република Македонија**

**(пречистен текст)**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на обезбедување на средствата, основите за користење на средствата на Фондот за солидарност и постапката за остварување на правата (во натамошниот текст: Фонд).

## 2. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### 2.1 ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

Член 2

Фондот се финансира од следните извори:

- спонзорства и донации;
- прилози и подароци на правни и физички лица;
- други извори.

Член 3

Средствата од член 2 од овој Правилник се уплатуваат на посебна сметка на Фондот согласно нивната намена.

Член 4

Средствата од Фондот кои нема да се искористат во тековната година, се пренесуваат за наредната година.

## 2.2 ОСНОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ФОНДОТ

Член 5

Средствата на Фондот ќе се користат за следните намени:

- Трошоци за парична и материјална помош за последици од елементарни непогоди во земјата; и
- парична помош за лекување.

Од Фондот за солидарност се издвојуваат средства за набавка на материјали и надомест на направени трошоци за подготовка и реализација на хуманитарни операции во земјата.

Од Фондот за солидарност може да се издвојуваат средства и за подобрување и унапредување на системот за подготвеност и справување со последиците од катастрофи на национално ниво.

## 2.3 ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА ПОСЛЕДИЦИ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ

Член 6

Во случај на претрпени потешки последици од елементарни непогоди (поплава, земјотрес, пожар и друго) на објект во кој живее барателот (физичко лице) може да му се додели парична помош во висина до 30.000, 00 денари нето износ за што одлука донесува Раководниот одбор на Црвениот крст на Република Македонија.

Во случај на претрпени потешки последици по здравјето и животот на барателот/семејството, Раководниот одбор може да одлучи да додели парична помош во висина до 100.000,00 денари.

Паричната помош се одобрува врз основа на потврда за претрпена штета издадена од соодветен орган.

Одобрените средства за физичките лица се уплатуваат на трансакциска сметка на корисникот.

Член 7

Парична помош може да се додели и на правен субјект кој е составен дел на Црвениот крст на РМ (Црвен крст на град Скопје и Општинска организација на Црвен крст) на објект во кој функционира субјектот во случај на претрпени штети и потешки последици од елементарни непогоди (поплава, земјотрес, пожар и друго).

Паричната помош изнесува најмногу до 100.000,00 денари во зависност од претрпената штета, која се докажува со комплетна документација и процена од овластено лице за проценка.

За доделената помош Црвен крст на Република Македонија и правниот субјект (ЦКГС или ООЦК) склучуваат договор за регулирање на меѓусебните права и обврски.

## 2.4 ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА ЛЕКУВАЊЕ

Член 8

Барањето за парична помош за лекување се поднесува до Црвен крст на Република Македонија.

Во случај на потешка и подолготрајна болест на барателот може да му се додели парична помош, но не повеќе од 30.000,00 денари нето износ.

Исплатата на надоместокот од став 1 на овој член по правило се врши врз основа на доставена валидна медицинска документација на барателот.

Средствата по основ на лекување може да се доделат само еднаш во текот на годината.

Одобрените средства за физичките лица се уплатуваат на трансакциска сметка на корисникот.

## 2.5 ЕВИДЕНЦИЈА НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ

Член 9

За приливот и одливот на средствата на Фондот се води посебно сметководство.

Административно-техничките работи за Фондот ги извршува Стручната служба на Црвениот крст на Република Македонија.

Член 10

Надзор за користење на средствата од Фондот врши Раководниот одбор на Црвениот крст на Република Македонија.

## 3. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 11

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат на начин и постапка по која е и донесен.

Член12

Одредбите на овој Правилник се однесуваат и за Црвен крст на град Скопје и Општинските организации на Црвен крст.

Член 13

Со донесување на овој Правилник престанува да важи Правилникот за работа на Фондот за солидарност на Црвениот крст на Република Македонија од 1997 година.